Здружение Совет за етика во медиумите на Македонија
ЕТИКА ПРЕС Скопје
Бр. 290/0306
22.12 20 23 год.
Скопје

Комисијата за жалби при Советот за етика во медиумите на Македонија (СЕММ), на седницата одржана на 30.11.2023 година, врз основа на примена жалба од XXX XXXX го донесе следното:

## МИСЛЕЊЕ

## ЖАЛБАТА СЕ ОТФРЛА КАКО НЕОСНОВАНА

**Експрес.мк со текстот насловен „Колемишевски: Ковачевски, Османи и Маричиќ лажат, македонскиот јазик не е признат во ЕУ – ќе биде, ако се прифати дека има бугарско потекло“, не ги прекршил етичките и професионални стандарди.**

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595

## ЖАЛБА

До извршната канцеларија на Советот за етика во медиумите на Македонија (СЕММ), на 3 ноември 2023 година, лицето XXX XXXX поднесе жалба за текст со наслов „Колемишевски: Ковачевски, Османи и Маричиќ лажат, македонскиот јазик не е признат во ЕУ – ќе биде, ако се прифати дека има бугарско потекло“, објавен на 3 ноември 2023 на интернет порталот Експрес.мк (www.expres.mk).

Во жалбата се наведува дека во оспорената содржина има елементи на прекршувања по основ на говор на омраза.

## ОДГОВОР НА МЕДИУМОТ

Извршната канцеларија на СЕММ, во согласност со членот 14 од Правилникот за работа на Комисијата за жалби, по приемот и разгледување на жалбата, стапи во контакт со Експрес.мк побара да се изјасни по однос на наводите на жалбата.

Медиумот не достави одговор за наводите на XXX XXXX.

## МИСЛЕЊЕ НА КОМИСИЈАТА ЗА ЖАЛБИ

Комисијата за жалби утврди дека жалбата е НЕОСНОВАНА и едногласно одлучи дека во текстот нема прекршување на Кодексот на новинарите на Македонија, ниту повреда на членот 10 од Кодексот, на кои упатува жалителот.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА МИСЛЕЊЕТО

На седницата на 30 ноември 2023 година, членовите на Комисијата за жалби ги разгледа наводите на жалителот и изврши увид во оспорената содржина.

Комисијата констатира дека станува збор за колумна објавена во Нова Македонија од страна на Панде Колемишевски, како што и во самиот текст е јасно наведено со соодветен линк до самиот извор кој води до онлајн изданието на Нова Македонија.

***

Во согласност со наведеното, Комисијата одлучи како што е погоре наведено.

Во работата на Комисијата учествуваа членовите Мирче Адамчевски, Сефер Тахири, Мери Јордановска, Теофил Блажевски, Снежана Трпевска, Ердем Ахмет и Димитар Мицев.

Со почит,
Совет за етика во медиумите на Македонија

Претседател на Комисијата за жалби

Мирче Адамчевски